Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Врз основа на чл. 50, ст. 1, т. 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и Одлуката за распишување оглас за организирање Велигденски и Петровденски хепенинг по пат на јавно наддавање бр.03-609/3 од 14.03.2024 година, Комисијата за организирање Велигденски и Петровденски хепенинг по пат на јавно наддавање распишува:

# ПОВТОРЕН ОГЛАС

## за организирање Велигденски хепенинг и Петровденски хепенинг по пат на јавно наддавање

1. Велигденскиот и Петровденскиот хепенинг ќе се одржат во Градскиот парк во Кочани.
2. Велигденскиот и Петровденскиот хепенинг ќе се одржат во периодот од 02.05.2024 год. до 08.05.2024 и од 09.07.2024 до 14.07.2024 год.
3. Почетната цена за јавното наддавање изнесува 10.000,00 ден. + ДДВ, со праг на наддавање од минимум 1.000,00 ден.
4. Јавното наддавање ќе се спроведе на 12.04.2024 год. во 12:00 часот во просториите на Општина Кочани, ул.„Раде Кратовче“ бр. 1, Кочани.
5. Право на учество на јавното наддавање имаат сите правни субјекти регистрирани во Централен регистар, кои ќе уплатат 10% од почетната цена за лицитација до почетокот на самата лицитација.
6. Како доказ да се доставаt Тековна состојба не постара од 6 (шест) месеци и доказ за активна трансакциска сметка.
7. Уплатата ќе се врши на жиро-сметката 736014044463010 – Буџет на Општина Кочани, приходна шифра 725 939, програма 00, 100000000 63095 НБРМ.
8. На повторениот оглас за организирање по пат на јавно наддавање, доколку се јави и еден учесник, ќе биде реализирано.
9. Постигнатата цена најповолниот понудувач има обврска да ја уплати на сметката на Општина Кочани, истиот ден по завршување на лицитацијата.
10. Општина Кочани ќе склучи Договор со најповолниот понудувач во кој подетално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.
11. Општина Кочани ќе има обврска да ја исчисти и подготви локацијата за непречено организирање на базарот, да обезбеди украсување на просторот во Градскиот парк, да обезбеди струја, санитарни јазли кои ќе ги одржува и за време на настанот и редовно да го чисти просторот од отпадоци.
12. Обврска на закупецот е да обезбеди минимум 5 монтажно-демонтажни објекти и штандови изработени од дрво или

Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

плексиглас за продажба на: храна, крофни и палачинки, кафе и пијалаци, сувенири, ракотворби и детски играчки и сл.

13. Обврска на закупецот е да спроведе дел од организациските активностите кои ќе се одржат по повод Велигденскиот хепенинг (Програма за Велигденски хепенинг на Општина Кочани) со буџетски средства од Општината, а дел од активностите да ги организира и покрие сам.

Културно – уметничка ПРОГРАМА Велигденски хепенинг (подготвена од Општина Кочани):
Парк на Револуцијата
- 02.05.2024 г.- Велигденски пазар на можности со кочанските училишта и градинки;
- 04.05.2024 г. – Културно-уметничка содржина;
- 05.05.2024 г. - Детска забавно-музичка програма - концерт „Дајте музика“ и попладневна забава за млади со музичка група;
- 06.05.2024 г. - Настап на музичка група.

Планирани средства од општината - 180.000 денари.

14. Обврска на закупецот е да ги издава монтажно-демонтажни објекти и продажни штандови согласно законските прописи и да организира културно забавни настани.
15. Закупецот има обврска согласно Законот за комунални такси и Законот за административни такси и да ги подмири законските обврски.
16. Монтажно-демонтажните објекти што ќе бидат поставени да имаат можност да работат од 10:00 до 24:00 часот, секој ден во периодот од од 02.05.2024 год. до 08.05.2024 и од 09.07.2024 до 14.07.2024 год.

Бр.03-609/8
08.04.2024г.

Претседател на Комисијата
Аника Илиевска Ѓоргиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * КОЧАНИ *